Република Северна Македонија
ЈУ Специјален завод ДЕМИР КАПИЈА
Бр. 04-9/33
28.07 2025 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Врз основа на член 188 став 6 од Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/2019 ,146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21,99/22,236/22и65/23 ) и член 10 , член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија „ бр.27/14, бр199/14, бр.48/15 , бр.154/15 ,бр.5/16,бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19,бр.14/20,бр.251/21, бр.99/22,208/24 и 210/24 ) , ВД Директорот на ЈУ Специјален завод Демир Капија на ден **28.07.2025** година донесе :

ОДЛУКА
за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас бр.**520 /2025**

**1.**За извршител на работното место **Советник за јавни набавки**, со шифра на работното место СОЗ0102В1006 ,стручен од прво ниво , Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси ,Служба за административни и помошно-технички работи се избира кандидатот **Радица Малиминова Коцевски**

2.Оваа одлука влегува во сила по конечноста на истата

**Образложние**

Во врска со Јавниот оглас бр. **520 /2025** за вработување на административен службеник 1(еден)извршител во ЈУ Специјален Завод Демир Капија ,објавен во дневните весници Нова Македонија,Вечер и Коха на ден 17.06.2025 година Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана од Агенцијата за администација со Решение бр.10-1215/5 од 30.06.2025 година ги спроведе сите фази на селекција согласно законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија „ бр.27/14,бр199/14,бр.48/15,бр.154/15,бр.5/16,бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19,бр.14/20,бр.251/21, бр.99/22,208/24 и 210/24 ).

За работното место СОЗ0102В1006 советник за јавни набавки , Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси, Служба за административни и помошно технички работи,се пријавиле вкупно 2 (двајца ) кандидати ,од кои во втората фаза продолжи само еден кандидат,а еден од од пријавените кандидати беше неуреден,немаше соодветно образование.

На ден 23.07.2025 година Комисијата за селекција состави Записник бр.10-1215/7 од спроведениот испит за административниот службеник по Оглас 520/2025 година ,во кој констатира дека единствениот кандидат Радица Малиминова Коцевски успешно го положи испитот за административен службеник и по проверката на веродостојноста на доказите и интервјуто на 25.07.2025 година -Записник бр.10-1215/8 ,Комисијата од сите фази на селекција даде предлог кандидат за вработување по Јавниот оглас бр.**520 /2025** Советник за јавни набавки**,** со шифра на работното место СОЗ0102В1006 ,стручен од прво ниво , Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси ,Служба за административни и помошно-технички работи за Радица Малиминова Коцевски ,врз основа на кои ВД Директорот на ЈУ Специјален завод Демир Капија согласно член 45 став од Законот за административни службеници изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука

**ПРАВНА ПОУКА**: Против Одлуката кандидатите имаат право на жалба до Агенцијата за администрација ,во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страната и на Огласната табла на Агенцијата за администрација

ЈУ Специјален Завод Демир Капија
**ВД Директор**
**Суза Мишкова**

Доставено до:
-Агенција за администрација
-Архива на ЈУ Специјален завод Демир Капија